# (IM)POSSIBILITY TO DEVELOP CIVIC AND POLITICAL PARTICIPATION OF THE YOUTH AT THE LOCAL LEVEL IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA (CASE STUDY : PART OF THE SKOPJE REGION)

**Jasmina Trajkoska Naumoska**
American University of Europe-FON, Skopje, North Macedonia, jasmina.trajkoska@fon.edu.mk
**Marija Burgieva**
North Macedonia, mburgieva@gmail.com

**Abstract:** Participation lies at the core of democracy. Without the efficient opportunity for citizens to engage in decision-making processes, democracy is inconceivable. Civic and political participation offer platform through which citizens can express their needs, interests, preferences and generate the pressure necessary to address them. Young people, in particular, represent a crucial group within this dynamic, playing a significant role in fostering civic and political participation at the local level and ensuring the sustainability of communities that align with their aspirations. This paper examines the implementation of the Law on Youth Participation and Youth Policies across the municipalities of Aerodrom, Butel, Gazi Baba, Ilinden, Karpoš, Kisela Voda, Saraj, and Centar. It provides an overview of key questions, such as: How many of the municipalities have established local youth councils? How many have implemented a local youth strategy? How many have designated a public space as a youth office within the municipality? How many have appointed a youth officer who will specifically represent their interests in policy making at the local level? How many municipalities have a Youth Strategy? Responsible governance remains a major challenge for local authorities. Education in civic and political matters, aimed at strengthening civic skills, is essential for enhancing participation within a political system.
**Keywords:** youth participation, local governance, implementation of the Law on Youth Participation and Youth policies

# (НЕ)МОЖНОСТ ЗА РАЗВИВАЊЕ НА ГРАЃАНСКА И ПОЛИТИЧКА ПАРТИЦИПАЦИЈА КАЈ МЛАДИТЕ НА ЛОКАЛНО НИВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА( СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: ДЕЛ ОД СКОПСКИОТ РЕГИОН)

**Јасмина Трајкоска Наумоска**
Американски Универзитет на Европа-ФОН , Скопје, Република Северна Македонија, jasmina.trajkoska@fon.edu.mk
**Марија Бургиева**
mburgieva@gmail.com

**Апстракт:** Партиципативноста е во срцето на демократијата. Без ефикасна можност за граѓаните да учествуваат во процесите на донесување одлуки, демократијата е незамислива. Граѓанската и политичката партиципација нудат платформи преку кои граѓаните можат да ги изразат своите потреби, интереси и преференции за да создадат притисок за нивно задоволување. Младите луѓе, особено, претставуваат клучна група во оваа динамика, играјќи значајна улога во поттикнувањето на граѓанско и политичкото учество на локално ниво и обезбедувањето одржливост на заедниците што се усогласуваат со нивните аспирации. Овој труд ја анализира имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики во општините: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Илинден, Карпош, Кисела Вода, Сарај и Центар. Тој дава преглед на клучните прашања, како: Колку од анализираните општини имаат воспоставено локални младински совети? Колку од нив имаат локална младинска стратегија? Колку од нив дизајнирале јавна просторија како младински канцеларии во општината? Колку од нив имаат назначено младински службеник кој ќе ги застапува специфично нивните интереси во креирањето на политики на локално ниво? Колку од општините кои се дел од анализата имаат изготвено Стратегија за млади? Одговорното управување продолжува да претставува голем предизвик за локалните власти. Образованието за граѓански и политички вештини, кое ќе ја зајакне граѓанската свест, е клучно за зајакнување на учеството во политичкиот систем.
**Клучни зборови:** младинска партиципација, владеење на локално ниво, имплементација на Законот за младинско учество и младински политики

## 1. ВОВЕД

Механизмите за директна демократија иако се дел од демократските политички системи подолг период, многу ретко се употребуваат во пракса, претставничката демократија го има приматот во донесување на јавни одлуки. Од друга страна механизмите на партиципативната и делиберативната демократија се новата надеж за одржливост на демократијата. Граѓанската и политичката партиципација се сфатени како фундаменти за демократската практика во рамките на демократските политички системи.

Во Република Северна Македонија неразвиеноста на ефикасни можности за партиципација на граѓаните во креирањето на јавните политики на национално и локално ниво се укажани и во извештаи за испитување на јавното мислење.

Според Извештајот за испитување на јавното мислење за граѓанско учество на „Реактор“ (Реактор – „Истражување во акција“, 2021) голем број на граѓани мислат дека не можат да влијаат врз одлуките што се носат. На локално ниво, 62% од испитаните граѓани сметаат дека не можат да имаат влијание. Во градот Скопје, 64% од граѓаните исто така сметаат дека немаат можност да влијаат, додека на национално ниво, 67% од испитаните граѓани се на став дека не можат да влијаат.

Според истражување за социо-политичкото учество на младите (Галевски, 2024) 3/4 од младите во Република Северна Македонија не биле вклучени или консултирани при носење на јавни одлуки ниту од локалната, ниту од националната власт.

Овие резултати укажуваат на сериозна недостапност на ефикасни механизми за вклучување на граѓаните, посебно младите во процесите на донесување одлуки, како на локално, така и на национално ниво.

Младите потребно е да се социјализираат во насока на еманципирани граѓани кои ќе се подразбираат себеси како дел од поширока општествена “фабрика” и на тој начин да ги разгледуваат проблемите од својата околина како потреба за нивна акција. Како што вели и Чековеј во книгата „Младинската парицципација и промените во заедницата“, партицицпацијата на младите во демократските процеси не се однесува само на нивната иднина, туку и на сегашноста (Чековеј, 2011). Вклучувањето на младите во граѓанскиот живот и политичките процеси ја зајакнува демократијата со донесување на свежи перспективи, иновативни идеи и критичка енергија на масата.

За прв пат во Република Северна Македонија политичката партиципација на младите е регулирана со законско решение кое е донесено во 2020 година со Закон за младинско учество и младински политики. Категоријата млади ги опфаќа сите лица кои се на возраст од 15-29 години. Според последниот попис на населението во Република Северна Македонија бројот на граѓани кои припаѓаат на оваа категорија е 18% од вкупното население. Во законското решение под “младинско учество”се подразбира процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење на одлуки за политики и програми кои директно и индиректно го обликуваат животот на младите. Во законското решение регулирани се начините за младинско учество на национално и локално ниво, дефинирани се поимите: “млади”, “младинско учество”, “младинска политика”, “младинска работа”, “младински работници”. Законот за младинско учество и младински политики регулира механизми за унапредување на младинската политичка партиципација во креирање на младински јавни политики на локално ниво. Механизмите преку кои треба да се унапреди политичката партиципација на младите вклучуваат: канцеларија за млади во рамките на локалната самоуправа, назначување на младински службеник за да младите имаат директно свој претставник кој ќе ги застапува нивните интереси; формирање на младински совет кој ќе претставува простор за делиберација помеѓу младите и развој на партиципативната практика; отварање на младински центри кои ќе значат простор за организирање на средби и настани од страна на младите; креирање на локална младинска стратегија која ќе се прави заедно со младите како директно засегната страна за креирање на локални младински политики на краток среден и долг рок.

Студијата опфаќа 8 општини кои се дел од скопскиот регион, тоа се : Аеродром, Бутел, Гази Баба, Илинден, Карпош Кисела Вода, Сарај и општина Центар. Методологијата за собирање на податоци за општините кои се дел од истражувањето опфаќа барања за информации од јавен карактер, десктоп анализа на веб страниците и страници на социјалните медиуми на општините како и интервјуа со вработени во соодветните општини. Општините кои се опфатени во овој труд се внимателно избрани врз основа на нивната големина, демографска структура и географска позиција во смисла на урбани и рурални средини.

## 2. РАЗЛИКА ПОМЕЃУ ГРАЃАНСКАТА И ПОЛИТИЧКАТА ПАРТИЦИПАЦИЈА

Младите лица од 19-29 години во еден демократски политички систем треба да имаат можност да бидат активни чинители во заедницата во која егзистираат. Најчесто тие после навршување на 18 години и стекнување на правото на глас учествуваат во изборните процеси. Откако ќе заврши изборниот процес и ќе се воспостави гарнитурата на претставници избрани од мнозинството, граѓаните/младите не завршуваат со

своите можности за граѓанска и политичка партиципација во рамките на политичкиот систем, туку остануваат активни. Како што нагласуваат Мартин Барет и Димитра Пачи (2019) во книгата „Младински граѓански и политички ангажман", политичкиот ангажман во подоцнежниот живот е вкоренет во навиките што се развиваат во младоста. Доколку младите не се занимаваат со граѓански и политички живот, иднината на демократијата е загрозена. Граѓанската партиципација опфаќа значаен број на формални и неформални активности преземени од страна на граѓаните/младите. Граѓанската партиципација се смета за поширока, посеопфатна и од неа директно или индиректно произлегува политичката партиципација. Во суштина тоа е поим кој се однесува на активности на поединецот, сам или во група, во врска со: развивање знаење за заедницата или нејзиниот политички систем, идентификување или барање на решенија за проблемите во заедницата, следење цели во корист за заедницата и учество во конструктивни размислувања меѓу членовите на заедницата. Тоа значи активно учество и влијание врз животот во заедницата без разлика дали тоа е резултат на: лична мотивација, морални принципи, алтруистички побуди, политички гледишта или било која комбинација од веќе наведените причини. Пример за активности на граѓанска партиципација се: здружување, волонтирање, партиципирање во групни активности кои опфаќаат хуманитарни активности, дури и заедничко градинарство на јавна површина. Од друга страна политичката партиципација го обезбедува механизмот преку кој граѓаните може да ги комуницираат своите: интереси, преференции, потреби и преку кој генерираат притисок за да им се одговори на нив. Политичката партиципација претставува акции на индивидуалци кои имаат намера да влијаат врз тоа кој управува или врз одлуките кои се носат од страна на луѓето кои управуваат. За демократијата да функционира, голем број граѓани треба да партиципираат во управување (владеење) со јавните прашања на локално и национално ниво, да се уверени дека е важно да се партиципира и да согледуваат позитивни ефекти на влијанието врз јавната одлука за јавниот интерес. На пример, граѓанска партиципација е учество во програма за рециклирање или во локална младинска група која не секогаш нужно има експлицитна политичка цел, иако се однесуваат на заедничка јавна цел во заедницата и индиректни политички импликации. Од друга страна, работата во врска со донесување закон за рециклирање или добивање на владина помош за училишни области со ниски приходи е политичка партиципација. Кога станува збор за користење на избирачкото право-гласање, тоа претставува и граѓанска и политичка партиципација.

## 3. МЕХАНИЗМИ ЗА МЛАДИНСКА ПАРТИЦИПАЦИЈА ВО КРЕИРАЊЕ НА МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ НА ЛОКАЛНО НИВО СПОРЕД ЗАКОНОТ ЗА МЛАДИНСКО УЧЕСТВО И МЛАДИНСКИ ПОЛИТИКИ

Законот за младинско учество и младински политики ги уредува формите на младинско организирање, учеството на младите во процесот на креирање на младински политики и донесување на одлуки кои се однесуваат на нив. Дополнително ги опфаќа и стратешките документи за младите на локално и национално ниво, мерките кои се превземаат од страна на управните органи и единиците на локалната самоуправа за унапредување на положбата на младите во рамките на политичкиот систем , како и информирање и заедничко планирање на активности со и за младите. Целта на Законот за младинско учество и младински политики е да се унапреди младинското организирање и учество во креирање на јавните политики на локално и национално ниво; зајакнување на свеста за улогата на младите во рамките на политичкиот систем; поттикнување на волонтерство, граѓанска и политичка партиципација кај младите; промовирање на меѓугенерациско партнерство за подршка на младите; како и поттикнување на личен , професионален и социјален развој на младите.

Законот за младинско учество и младински политики кој е стапен на сила во 2020 година, во глава 5 , член 16 предвидува дека општините, општините на градот Скопје и градот Скопје во рок од една година од донесувањето на законското решение потребно е да формираат локални младински совети. Локалните младински совети имаат советодавна и застапувачка улога во делот на младински прашања и политики. Членовите на младинските совети имаат мандат од 2 години со право на уште еден реизбор.

Во член 17 е предвидено формирањето на локално собрание за млади, во кое може да членуваат младински организации, организации за млади, партиски подмладоци, ученички и студенстки организации и други облици на младинско здружување. Сите овие форми на организирање и здружување номинираат делегат и заменик кој е на возраст од 19-25 години. Изборот на членови на локалниот младински совет се врши со објавување на јавен повик на веб страницата на општината од страна на Собранието за млади. Делегатите на локалното собрание ги избираат членовите на локалниот младински совет со непосредни и тајни избори. Избраните членови на локалните младински совети ги верификува Советот на општината.

Во глава 6, член 20 за рок од една година по стапувањето на сила на законското решение е предвидено дека потребно е да се донесат стратешки документи како што е "Локална стратегија за млади" која се донесува од

страна на советот на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје за период од пет години. Локалната стратегија потребно е да е во согласност со националната стратегија за млади, потребно е да содржи и Акциски план за реализација со дефинирани активности, динамика, носители на активности, проекции за буџетски средства и конкретни индикатори кои ќе бидат мерливи во процесот на евалуација.
Во глава 7 член 21, 22 и 23 во градот Скопје и општините потребно е да се формираат канцеларии за млади, младински центар и службеник за млади како сервиси за младите. Канцелариите за млади се предвидени да се простор за координирање на работата на младите во општината. Младинските центри се места каде што се подготвуваат и спроведуваат програми кои ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, професионалниот и социјалниот живот на младите. На локално ниво општините и градот Скопје назначуваат службеник за млади кој е одговорен за работењето на канцелариите за млади и спроведување и следење на прашања од интерес на младите во рамките на општината.

## 4. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА ВО ОПШТИНИТЕ АЕРОДРОМ, БУТЕЛ, ГАЗИ БАБА, ИЛИНДЕН, КАРПОШ, КИСЕЛА ВОДА, САРАЈ И ЦЕНТАР

Доброто управување/владеење на локално ниво е сеуште голем предизвик за најголем број од локалните самоуправи во Република Северна Македонија. Анализата на општините Аеродром, Бутел, Гази Баба, Илинден, Карпош, Кисела Вода, Сарај и општина Центар ја потврдуваат слабата имплементација на Законот за младинско учество и младински политики.
Општина Аеродром нема изготвено Стратегија за млади, ниту формирано локален младински совет. Општината нема ниту определен јавен простор кој би служел како Канцеларија за млади, ниту назначено службеник за млади. Дополнително, не постои младински центар во општината. Ова претставува значителен пропуст во имплементацијата на законските барања, што го ограничува ефективното вклучување на младите во процесите на донесување одлуки и формулирање на локални политики.
Општина Бутел нема изработено Стратегија за млади и сè уште нема создаден простор за локален младински совет. Канцеларија за млади нема, а не се ни издвојуваат средства од општинскиот буџет за формирање на младински центар. Сепак, општината има назначено службеник за млади. Иако оваа општина покажува некои напори за исполнување на законските обврски, недостатокот на стратешки документи и адекватен простор за младинска активност го ограничува потенцијалот за развој на младинската политика.
Општина Гази Баба нема Стратегија за млади и не е формиран локален младински совет. Во општината нема канцеларија за млади, ниту јавен простор кој би служел како младински центар. Меѓутоа, општината има назначено службеник за млади и заменик, преку кои се очекува да се артикулираат интересите на младите и да се работи на младински политики. За разлика од претходните општини, назначувањето на службеник за млади претставува позитивен чекор, но без поддршка на соодветни простории и стратешки документи, напорите се ограничени.
Општина Илинден има формирано локален младински совет, а општината располага со јавен простор кој се користи како канцеларија за млади. Има назначено службеник за млади кој работи во канцеларијата за млади, но предизвик за општината е формирањето на младински центар, кој сè уште не постои. Оваа општина може да се смета за пример на добра практика во однос на вклучувањето на младите во процесите на одлучување, иако со формирањето на младински центар би се подобрила инфраструктурата за поддршка на младинските активности.
Општина Карпош сеуште функционира без локален младински совет, канцеларија за млади и младински центар, но има назначено службеник за млади. Иако се исполниле некои основни законски барања, општината треба да се фокусира на понатамошно развивање на инфраструктурата за младинска работа.
Општина Кисела Вода има активен локален младински совет и службеник за млади. Иако нема одреден јавен простор кој ќе служи како канцеларија за млади и младински центар, општината има активно учество на младите преку советот. Присуството на младински совет е значаен напредок, но има потреба од физички простор и ресурси за целосно поддржување на младинските иницијативи.
Општина Сарај има активен младински совет и определен јавен простор кој се користи како канцеларија за млади. Има назначено службеник за млади кој работи во општинските простории, но општината се соочува со предизвикот да формира младински центар. Сарај е пример на позитивен тренд во имплементацијата на законските решенија, но потребни се дополнителни вложувања во развојот на младинската инфраструктура.
Општина Центар нема формирано локален младински совет и канцеларија за млади, но има назначено службеник за млади и располага со јавен простор кој се користи како функционален младински центар. Иако не ги исполнила сите законски обврски, општината е лидер во развојот на младинската инфраструктура, имајќи функционален младински центар кој може да послужи како модел за другите општини.

**5. ЗАКЛУЧОК**

Во политичкиот систем на Република Северна Македонија како на национално, така и на локално ниво, партиципативната политичка култура претставува предизвик, особено за младите, кои имаат ограничени можности за политичка социјализација и партиципативност.

Просторот и условите што треба да ги обезбедат локалните самоуправи за развој на младинската партиципација на локално ниво се уште се во почетна развојна фаза. Развојот на политичката и граѓанската партиципација кај младите на локално ниво е од клучно значење за напредокот на локалните самоуправи, кои треба да им обезбедат простор за егзистирање на младите генерации во рамките на овие самоуправи. Иако општините имаат законска обврска да формираат институционални рамки кои ќе го поттикнуваат младинското учество, сепак, многу од нив не ја имаат формирано оваа рамка или не ја имаат целосно реализирано. Развојот на доброто управување со јавните прашања, конкретно во однос на младинско учество и младински политики, напредува многу бавно. Само една од осумте мониторирани општини има јавен простор определен за младински центар. Отсуството на младински центар во рамките на локалните самоуправи го ограничува просторот во кој младите можат да се среќаваат, да разменуваат идеи, да комуницираат за своите интереси и да иницираат промени во локалната самоуправа. Само две општини имаат канцеларија за млади. Отсуството на канцеларија за млади ја намалува можноста на младите директно да се обратат до општински органи кои се задолжени за нивните прашања и интереси. Само три општини имаат активни младински совети, кои се клучни за јакнење на граѓанските вештини и развојот на демократската делиберација кај младите. Иако повеќето општини имаат назначено службеник за млади, неговата функционалност е ограничена без соодветна институционална поддршка, како што се канцеларии за млади и младински центри. Само една општина има функционална Стратегија за млади, што укажува на тоа дека младинските политики не се препознаени како приоритети од локалните самоуправи и дека тие немаат јасни рамки за развој и поттикнување на младинското учество. Ниту една општина не ги исполни сите барања на Законот за младинско учество и младински политики. Неразвиеноста на политичката партиципација кај граѓаните во Република Северна Македонија се должи на слабите капацитети за добро управување/владеење со јавните прашања, но и на значителни дополнителни бариери како сиромаштијата, недостатокот на образование, социјалната изолација и недостатокот на позитивни примери, што го намалуваат ангажманот на граѓаните, особено на младите и маргинализираните групи. Овие фактори ја ограничуваат достапноста на политичките права, создавајќи нееднаквости во општеството. За да се зголеми партиципацијата, потребни се образовни програми, инклузивни механизми и примери на лидери кои не потекнуваат од високи социјални слоеви, што ќе овозможи поголема ангажираност на сите граѓани во политичките процеси.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

Anderson, J. (2020). Thinking about Deliberative Democracy with Rawls and Talisse. Concordia Law Review

Bächtiger, A., Dryzek, S.J., Mansbridge, J., &Mark E. .(Ed(s).). (2018) The Oxford Handbook of Deliberative Democracy. Oxford.Warren Publishep Oxford University Press.

Barrett, M. & Pachi D. (2019). *Youth Civic and Political Engagement*. New York: Routledge.

Checkoway, B. (2011). *Youth Participation and Community Change*. New York: Routledge.

Giughi M. & Grasso M.(Ed(s).). (2022). The Oxford Handbook of Political Participation. Oxsford. Oxford University Press

Luhtakallio E. & Eranti V.(2024). *Youth Participation and Democracy*. Bristol: Bristol University Press

Plummer R., Smith A., Witkovski S., MgGlynn B., Armitage D., Kari Muhal E., & Johnson J. (2022). History of community engagement. https://ecampusontario.pressbooks.pub/bscmodule1/chapter/what-is-community-engagement/

Галевски, М. (2024). Forth study of socio-political participation of youth in North Macedonia, Скопје. Фондација за демократија на Вестминистерhttps://www.wfd.org/what-we-do/resources/fourth-study-socio-political-participation-youth-north-macedonia

Закон за младинско учество и младински политики. (2020). Службен весник на РСМ, број 10 од 16.01.2020. https://api.ams.gov.mk/wp-content/uploads/2021/12/zakon-za-mladinsko-ucestvo-i-mladinski-politiki-2019.pdf

ОКРУГ и соработници. (2024). Анализа на имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики во дел од скопскиоте општини. Скопје. https://www.okrug.org/somf

Реактор-истражување во акција. (2021). Извештај за истражување на јавно мислење за граѓанско учество. „Граѓанско учество во Република Северна Македонија со посебен осврт на пандемијата со Ковид-19“, Скопје. Фондација „Отворено општество – Македонија“. https://reactor.org.mk/publication-

all/%d0%b3%d1%80%d0%b0%d1%93%d0%b0%d0%bd%d1%81%d0%ba%d0%be%d1%82%d0%be-%d1%83%d1%87%d0%b5%d1%81%d1%82%d0%b2%d0%be-%d0%b2%d0%be-%d1%80%d0%b5%d0%bf%d1%83%d0%b1%d0%bb%d0%b8%d0%ba%d0%b0-%d1%81%d0%b5%d0%b2/
Трајкоска-Наумоска, Ј., & Ризанкоска Георгиев. (2024). Граѓанска и политичка партиципација. Скопје. Фондација "Фридрих Еберт"